РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

ПРИМЕНО:	13.11.2026		
Орг.Единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	6945/1	0	

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ

Тони Рафајловски
Катерина Ведрин
Лидија Пешкоска

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, ноември 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/2019, 261/2019, 89/2022, 65/2023, 147/2024, 241/2024, 258/2025, 96/2026) се уредуваат доделувањето на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

При тоа, законот содржи повеќе одредби кои упатуваат на примена на Законот за јавните набавки при спроведувањето постапки за доделување договор за воспоставување јавно приватно партнерство, како и при уредување на видовите постапки кои се користат, а се детално уредено во Законот за јавните набавки.

Имајќи предвид дека основниот закон е донесен во 2012 година, а постоечкиот Закон за јавните набавки е донесен во 2019 година, може да се забележи дека Законот за концесии и јавно приватно партнерство не е усогласен со видовите постапки кои се уредени со Законот за јавните набавки, особено со новата терминологија која се користи за уредување на постапката со преговарање со објавување оглас и конкурентната постапка со преговарање, што создава одредена правна несигурност во примена на упатувачките одредби од истиот.

Од таа причина се наметнува потребата од усогласување на видовите постапки уредени со Законот за концесии и јавно приватно партнерство во видовите постапки утврдени во Законот за јавните набавки.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложениот закон е истиот терминолошки да се усогласи со видовите постапки кои се уредени во Законот за јавните набавки, со што ќе се олесни примената на упатвувачките одредби во Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство нема да предизвика фискални импликации врз буџетот и другите јавни финансиски средства.

IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ

СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на законот не треба да се обезбедат дополнителни финансиски средства . Овој закон не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот за дополнување на Законот концесии и јавно приватно партнерство по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и јавно приватно („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24, 241/24, 258/25 и 96/26), во член 15 во ставот 2 по зборовите: „објавување на оглас,“ се додаваат зборовите: „конкурентна постапка со преговарање“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 од предлогот на закон се додава конкурентната постапка со преговарање како една од постапките од Законот за јавните набавки што може да се користат при доделување договор за воспоставување јавно приватно партнерство.

Имено, постојниот член 15 став 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ја содржи, меѓу другите, постапката со преговарање со објавување на оглас, која согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 111/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18) можеа да ја користат договорните органи од класичниот сектор и секторските договорни органи под услови утврдени во законот.

Со донесување Закон за јавни набавки(*) („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/21, 14/25, 183/26 и 212/26), оваа постапка се раздвои во две одделни постапки, постапка со преговарање со објавување оглас која се користи кај секторските договорни органи, и конкурентна постапка со преговарање која се користи во класичниот јавен сектор, а согласно со постојните Директиви за јавни набавки.

Заради овие причини со овој член се врши усогласување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство со постоечкиот Закон за јавните набавки.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение се усогласува одредбата од член 15 став 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство со видовите постапки уредени со Законот за јавните набавки кој е донесен подоцна.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ
ОД ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

Член 15
Примена на Законот за јавните набавки
и други посебни закони

Одредбите од Законот за јавните набавки кои се однесуваат на постапките за доделување на договори за јавна набавка на работи и договори за јавна набавка на услуги соодветно ќе се применуваат и на постапките за доделување на договори за воспоставување на јавното приватно партнерство, освен доколку тоа поинаку не е утврдено со овој закон.

Постапките за доделување на договори за воспоставување на јавното приватно партнерство, јавниот партнер ги спроведува како отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, или конкурентен дијалог, согласно со условите и на начин предвидени во Законот за јавните набавки.

На постапките за доделување на концесии на добра од општ интерес се применуваат одредбите од овој закон, како и одредбите од посебните закони со задолжително почитување на основните принципи и начела утврдени во членот 8 од овој закон.